Основа за давање оцена се одговорите на следните прашања:

1. Дали целите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK се дефинирани во согласност со потребите на проектот Реформата на јавната администрација - Судска администрација?
2. Дали преземените обврски се извршени во согласност со одредбите во Договорот набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK?
3. Дали набавената опрема е инсталирана и евидентирана од страна на МП на РМ и крајните корисници на опремата?
4. Дали опремата е во употреба кај МП на РМ и крајните корисници?

**Заклучок**

Проектот за набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK ја исполнил основната цел и обезбедил зголемен компјутерски капацитет на органите на судскиот систем на Република Македонија согласно проектната документација, одредбите и роковите од договорот. Опремата од проектот е инсталирана од страна на локалниот добавувач Еин Софт согласно дефинираните рокови и услови во Договорот.

Во поткрепувачката документација кај МП на РМ нема пишан документ врз основа на кој може да се даде оценка за усогласноста на целите на проектот со целите на проектот за Реформа на јавната администрација - Судска администрација. Од истите причини не може да се даде оценка за усогласеноста на преземените активности во МП на РМ за дефинирање на потребите за доопремување на правосудните органи. Ефектите од ваквата пракса се евидентни и од аспект на степенот на искористенот на опремата. Спротивно на заложбите на проектот за зголемување на компјутерските капацитети на органите на судскиот систем во РМ, координаторите на активностите за компјутеризација на правосудните органи - МП на РМ и Врховниот суд на РМ по неполни две години инсталираните персонални компјутери од проектот ги ставаат надвор од употреба и ги подготвуваат за преотстапување на други правосудни органи.

Набавената опрема во целост ги задоволува бараните технички карактеристики согласно одредбите од проектната задача со кое е овозможено:

- во Врховен суд на РМ и Основен суд Скопје 1 Скопје користење на Судскиот информационен систем (СИС);
- во ОЈО Скопје користистење на програмата за уписници;
- во МП на РМ, КПУ Идризово, ОЈО Штип, ВЈО Штип и ОС Велес ОС Кочани, ОЈО Кочани и ОЈО Битола во функција на поефикасно канцелариско работење и
- во ОС Битола во функција на користење на апликација за трговски регистер.

Од аспект на преземените обврски од страна на добавувачот, не можевме да се увериме дека истите се извршени во согласност со одредбите од Договорот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK бидејќи проектната документација во која е дефинирана целта и намената на набавката, вредноста на одделните видови компјутерска опрема, пропратна опрема како и други предвидени услуги согласно договорот не е хронолошки подредена и целосна во евиденцијата на МП на РМ.

Кај 11 од вкупно 12 посетени крајни корисници вклучително и МП на РМ, набавената опрема е вредносно евидентирана согласно позитивната законска регулатива. Во МП на РМ не е воспоставена вредносна и материјална евиденција на опремата добиена од проектот.

**1. Дали целите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK се дефинирани во согласност со потребите на проектот Реформата на јавната администрација - Судска администрација.**

Утврдивме дека во поднесената поткрепувачката документација од МП на РМ нема пишан документ врз основа на кој може да се даде оценка за усогласноста на целите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK со целите на проектот Реформа на јавната администрација - Судска администрација.

Поради непостоење на пишан документ, не бевме во можност да оцениме дали преземените активности во МП на РМ за дефинирање на потребите за доопремување на правосудните органи се во фунција на остварување на целите на проектот Реформа на јавната администрација - Судска администрација. При тоа ги утврдивме следните слабости и неправилности:

- Во фазата на планирање на активностите за реализација на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK, МП на РМ изработило студија за развој на ИСИС – проект за интегриран судски информационен систем, во која се содржани елементи за планирање на идни активности на ниво на МП на РМ. Во поткрепа на оваа студија не се приложени документи за преземени пропратни активности кои би биле во функција на извршени анализи за дефинирани потреби кои резултирале со студија.
- Од страна на ЕАР во РМ по основ на ангажман на странски консултанти Associates Consulting Group извршена е ревизија со цел Техничко и финасиско дијагностицирање на ИСИС проектот заради добивање на потврда за соодветноста на истиот, постигнување на целта за која е креиран, техничките карактеристики и реалноста на буџетот за реализација на проектот. Странските консултанти/ревизори не добиле потврда дека е направена формална студија за потребата и користа од воведување на нов систем. Единствено се чинело дека постои согласност за подобрување на ефикасноста на судскиот систем воопшто. Консултантите/ревизори во извештајот даваат и препораки за надминување на слабостите во реализацијата на ИСИС проектот. Не стекнавме сознанија дека во МП на РМ се преземени активности по основ на дадените констатации во консултантскиот/ревизорски извештај и постапило согласно дадените препораки.
- Во МП на РМ нема воспоставен систем за евиденција и чување на документи кои се однесуваат на планирани и реализирани активности за проектот за Реформа на јавната администрација - Судска администрација, а во таа смисла и за проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK;
- Во МП на РМ нема пишани процедури и не се практикува примопредавање на документација помеѓу лица кои се назначени на иста должност за различни периоди. Документацијата која произлегува од службената комуникација во МП на РМ ја чува секое едно лице

задолжено за реализација на работните задачи врзани со проектот – проект менаџер. Промената на лицата на функција проект менаџер задолжени за реализација на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK во МП на РМ е извршена во почетокот на 2005 година, а примопредавање на прибраната проектна документација помеѓу лицата не е извршено.

- Утврдивме дека за потребите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK во МП на РМ не е формирана посебна архива. Со промена на Проект менаџерот за овој проект на почетокот на 2005 година, проектната документација е одложена во една од канцелариите во МП на РМ. Утврдивме дека проектната документација е непотполна, одложена е во просторија во која имаат неограничен пристап вработените од министерството, сместена е во плакари за кои пристап има внатрешниот ревизор назначен во 2006 година;
- Од канцеларијата на ЕАР во РМ, побарана е дополнителна проектна документација поврзана со реализација на проектот. Канцеларијата на ЕАР покажа волја за соработка со ревизорите, но документацијата која ја добивме беше непотполна и не ги задоволи барањата за ревизорско убедување. Не ја добивме комплетната побарана проектна документација.

**2. Дали преземените обврски се извршени во согласност со одредбите во Договорот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK?**

Не можевме да се увериме дека преземените обврски се извршени во согласност со одредбите од Договорот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK. Основни слабости и неправилности врз основа на кои го донесовме нашиот заклучок се следните:

- Утврдивме дека проектната докумнетација во која е дефинирана целта и намената на набавката, вредноста на одделните видови компјутерска опрема, пропратна опрема како и други предвидени услуги согласно Договорот EuropaAid/112995/D/S/MK, не е хронолошки подредена и целосна. Во поткрепувачката документација која се наоѓа во МП на РМ приложена е копија од Договорот EuropaAid/112995/D/S/MK која е потпишана само од страна на ЕАР но не и од страна на добавувачот. Ова претставува отежнувачка околност за давање на оценка за веродостојноста на проектната документација која се наоѓа во МП на РМ.

  Од надлежните лица во ЕАР побаравме но не ни беше презентиран конечен извештај за реализација на активностите предвидени со договорот. Дополнителна потешкотија ни преставуваше тоа што примероците од проектната документација во МП на РМ се копии добиени од ЕАР и истите се без соодветна потврда дека се официјално примени во МП на РМ. Овие документи беа побарани и од евиденцијата на ЕАР, но не ни беа доставени.

- Утврдивме дека има разлика помеѓу количините на компјутерската опрема која била планирана да се набави со проектната задача, основниот договор и испорачаните кај крајните корисници. Од надлежните лица во МП на РМ добивме образложение дека причина за промената на планираните количини е таа што ЕАР добила поповолна

понуда за набавка на опремата и поради ова од планираниот буџет на ЕАР е набавена количински повеќе опрема. Листата на опрема согласно проектна задача и набавена согласно договорот е дадена во Прилог 3 кон овој извештај. Причините за измената настаната во количините на опрема според проектна задача и според договор не ни беа образложени од надлежните лица во ЕАР.

- Утврдивме дека во МП на РМ нема проектна документација за реализација на предвидената обука за 6 лица во време траење од 14 часа како и за едногодишно превентивно одржување на опремата од лотовите 2, 3 и 5 согласно тендерот и предлогот од Еин Софт. Надлежните лица кај крајните корисници на опремата немаа сознанија за реализирана обука и едногодишно превентивно одржување од страна на Еин Софт. Поткрепувачка документација побаравме и од ЕАР но истата не ни беше доставена.

**3. Дали набавената опрема е инсталирана и евидентирана од страна на Министерството за правда на РМ и крајните корисници на опремата?**

Добивме уверување дека набавената компјутерска опрема во проектот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK е инсталирана од страна на локалниот добавувач Еин Софт согласно дефинираните рокови и услови во Договорот,
Од извршениот увид кај 11 крајни корисници на опремата, добивме уверување дека кај 10 корисници набавената компјутерска опрема од проектот за набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK е внесена во сметководствената евиденција со вредност утврдена во согласност со добиениот допис од МП на РМ, освен кај КПУ Идризово каде вредноста на опремата е утврдена врз основа на сопствена проценка.
Кај еден краен корисник – Основен суд Кочани утврдивме дека добиената компјутерска опрема од проектот - 1 персонален компјутер, 1 мрежен печатар и 1 УПС не е евидентирана. Детален преглед за крајните корисници и количината на компјутерската опрема инсталирана од проектот презентиран е во Прилог 3 кон овој извештај.

Од извршениот увид кај МП на РМ утврдивме дека во МП на РМ не се води вредносно прикажување на целокупната компјутерска опрема во евиденцијата на МП на РМ, добиена преку проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK. Количината на компјутерска опрема која е испорачана и инсталирана во МП на РМ е прикажана во Прилог 3 кон овој извештај. Од надлежните лица во МП на РМ добивме образложенија дека во Министерството не е воспоставена пракса на евидентирање на опрема добиена по основ на странски донации.

**4. Дали опремата е во употреба кај МП на РМ и крајните корисници?**

Од извршениот увид кај 11 крајни корисници на опремата и МП на РМ утврдивме дека :

- Во Основен суд Скопје 1, пет мрежни печатари од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK не се во употреба. Од надлежните лица не добивме образложение за причината за настаната состојба.
- Утврдивме дека по еден мрежен печатар од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK во ОЈО Кочани и ОЈО

Битола не се во употреба поради софтверски проблеми со компјутерска опрема дополнително набавена од други извори. ОЈО Битола мрежниот печатар го преотстапило на Апелациониот суд Битола на нивно барање.

- Во МП на РМ, персоналните компјутери од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK биле во употреба до втората половина на 2006 година кога истите се ставени надвор од употреба. Од надлежни лица на МП на РМ бевме информирани дека опремата добиена од проектот е заменета со нова опрема добиена со средства од странска помош. Утврдивме дека персоналните компјутери од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK во МП на РМ се оставени незаштитени на подот од ходниците на министерството. Фотодокументација за состојбата на опремата во МП на РМ е дадена во Прилог 5 кон овој извештај. За опремата која ќе се преотстапи од МП на РМ на другите правосудни институции во земјата бевме информирани дека се изготвени реверси за примопредавање, но со увидот во документацијата утврдивме дека реверсите се однесуваат на друг тип на компјутерска опрема.
- Во Врховниот суд на РМ персоналните компјутери од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK биле во употреба до втората половина на 2006 година кога дел се ставени надвор од употреба. Во моментот на увидот дел од опремата веќе беше преостапена, а за дел се подготвуваше документација за примопредавање. Од претставници на Врховен суд на РМ бевме информирани дека опремата добиена од проектот Набавка на компјутерска опрема EuropaAid/112995/D/S/MK е заменета со нова опрема добиена со средства од странска помош.

Врз основа на сознанијата опишани во точка 1 од поглавјето Ревизорски наоди, не се уверивме дека настанатата состојба со компјутерската опрема во МП на РМ и крајните корисници во поглед на евидентирањето и распределбата на истата е вршена врз основа на извршени анализи од страна на координаторите МП на РМ и Врховен суд на РМ за реалните потреби по вид и количина кај крајните корисници.

### 5. Дали опремата е во функција на постигнување на целите од проектот

Се уверивме дека проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK ја исполнил основната цел и обезбедил зголемен компјутерски капацитет на органите на судскиот систем во Република Македонија. Набавената опрема во целост ги задоволува бараните технички карактеристики согласно одредбите од проектната задача.

Утврдивме дека набавената опрема:

- во Врховен суд на РМ и Основен суд Скопје 1 Скопје во периодот на инсталирање била ставена во функција на Судскиот информативен систем (СИС);
- во ОЈО Скопје е ставена во фунција на програмата за уписници;
- во МП на РМ, КПУ Идризово, ОЈО Штип, ВЈО Штип и ОС Велес, ОС Кочани, ОЈО Кочани и ОЈО Битола во функција на поефикасно канцелариско работење и
- во ОС Битола во функција на користење на апликација за трговски регистер.

**Препораки**

- Иако во периодот од завршувањето на проектот предмет на оваа ревизија до денот на изготвување на овој извештај , имаме сознанија дека во МП на РМ се преземени активности за креирање на пишани документи во функција на стратешките цели и планираните активности на министерството за реформа на судската администрација и примената на информатичката технологија за потребите на правосудството, потребно е да ја нагласиме потребата од зајакнување на координацијата помеѓу министерството и правосудните органи во РМ во насока на реално утврдување на потребите и можностите за подобрување на фунционирањето на целиот правосуден систем во РМ.

- Министерството да преземе активности со цел подобрување и унапредување на постојниот систем на архивирање и чување на проектната документација во насока на формирање посебна архива за потребите на одделните проекти и систем за верификација на проектни документи од страна на авторизирани лица за одделните проекти. Ваков систем е од големо значење за обезбедување на релевантна и целосна поткрепувачка документација со цел на планирање и контролирање на идни проектни активности.

- Министерот во координација со надлежните лица во МП на РМ да преземат активности со цел точно утврдување на реалната состојба со количината на примена и инсталирана опрема од проектот и нејзино вредносно евидентирање кај МП на РМ, а поради реално и точно прикажување на државниот имот.